**Уп. бр. 08-87/2026**

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на „Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА, со седиште на Суботички пат 57, 24420 Кањижа Србија доставено преку, Адвокатско Друштво Поповски и партнери од Скопје, на седницата одржана на ден 10.06.2026 година, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

1.Се утврдува дека концентрацијата со која ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА, со седиште на Суботички пат 57, 24420 Кањижа Србија ќе стекне единствена контрола над ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ, со седиште на Крќевачки пат 2, 34300 Аранѓеловац Србија, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/1184/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 19.05.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА, со седиште на Суботички пат 57, 24420 Кањижа Србија со која ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА ќе стекне единствена контрола над ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ, со седиште на Крќевачки пат 2, 34300 Аранѓеловац Србија, преку стекнување на удели.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

ВИЕНЕРБЕРГЕР ДОО КАЊИЖА е дел од Виенербергер Групацијата, меѓународен снабдувач на градежни материјали и инфраструктурни решенија (Виенербергер Г**рупација**).
Виенербергер Групацијата има една регистрирана подружница во Северна Македонија – Друштво за производство, трговија и услуги ВИНЕРБЕРГЕР ДООЕЛ Виница, друштво со ограничена одговорност со седиште на ИГМ-ПРОЛЕТЕР 1, Виница, Северна Македонија, со главна дејност 23.320 – Производство на тули, ќерамиди и градежни производи од печена глина.

ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ е производител на глинени тули со седиште во Србија.
ДРУШТВО ЗА ПРОИЗВОДСТВО, УСЛУГИ И ТРГОВИЈА УНИВЕРЗУМ ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДОО, АРАНЃЕЛОВАЦ и УНИВЕРЗУМ ЦИГЛАНА ДОО АРАНЃЕЛОВАЦ, немаат подружници во Северна Македонија, но се присутни со продажба на глинени тули.
Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 в) (i) од *Насоките за утврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конкуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Во однос на барањето Комисијата да ги одобри клаузулите (забрана на конкуренција и забрана за привлекување) со ова решние, Комисијата потенцира дека согласно Насоките за ограничувањата директно поврзани и неопходни за спроведување на концентрациите од 26.11.2011 година, претпријатијата учесници во концентрацијата сами треба да проценат колку ограничувачките одредби од нивните договори може да се сметаат за ограничувања директно поврзани и неопходни за спроведување на концентрацијата.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.
Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р Малинка Силјановска Николиќ**